**Република Северна Македонија**
**Основно Општинско  Училиште „ Страшо Пинџур“**
**с. Мало Коњари - Прилеп**

# Деловник

**За работа на Училишниот Одбор**

**Мало Коњари - Прилеп, 2021 година**

Врз основа на член 24 - 41 од Статутот на Основното општинско училиште „Страшо Пинџур“ с.Мало Коњари – Прилеп и член 106,107 и 108 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр.161 од 2019 година) и измените и дополнувањата на Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр.229 од 2020 година), Училишниот одбор на седницата одржана на ден **27.05.2021** година донесе

# Деловник
## За работа на Училишниот Одбор на ООУ „ Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп

## I.Општи Одредби

**Член 1**

Со овај деловник се регулира начинот на работа на Училишниот Одбор (во натамошниот текст – Одборот) на ООУ„Страшо Пинџур“ с..Мало Коњари – Прилеп (во понатамошниот текст – училиштето).

**Член 2**

Одредбите на овој деловник за работа на седниците се однесуваат на сите членови на Училишниот одбор како и сите останати присутни лица.

**Член 3**

Училишниот одбор расправа и одлучува по прашања во врска со работата училиштето (дејноста) кои во негова надлежност се утврдени со Закон, Статут и Деловник за работа на Училишниот одбор.

**Член 4**

Орган на управување на основното училиште е училишниот одбор.

Училишниот одбор на основното училиште е составен од седум члена и тоа: тројца претставници од наставниците и стручните соработници од училиштето, тројца претставници од родителите, односно старателите на учениците и еден претставник од основачот.

На седниците на Училишниот одбор, се покануваат и во неговата работа учествуваат, без право на глас, и двајца ученици, избрани од ученичкиот парламент како претставници на сите ученици.

Членовите на Училишниот одбор не смеат меѓусебно и со директорот на училиштето да бидат во роднинска врска по права линија во било кој степен, односно странична линија до трет степен за што сите членови потпишуваат изјава.

Претставниците од наставниците и стручните соработници во Училишниот одбор ги избира и разрешува Наставничкиот совет.

Претставниците на родителите односно старателите на учениците во Училишниот одбор ги избира и разрешува Советот на родителите односно старателите на учениците.

Претставникот од основачот го именува и разрешува Советот на Општината.

Претставниците на родителите односно старателите на учениците и од основачот во Училишниот одбор не можат да бидат именувани односно избирани од редот на вработените во училиштето.

Мандатот на членовите на Училишниот одбор е определен со закон. Членовите на Училишниот одбор кои се претставници на родителите, односно, старателите на учениците се именуваат со мандат утврден со закон за период до завршување на основното образование на нивното дете, но не подолго од три години.

## II.Конституирање на Училишниот одбор

**Член 5**

Постапката за избор на член на Учичишен одбор започнуа 30 дена пред истекот на мандатот на претходниот член.

Мандатот на членовите на Училишниот одбор започнува со неговото конституирање и трае 3 години.

Конститутивната седница на Училишниот одбор, до изборот на претседател и заменик претседател, ја свикува и со неа претседава постоечкиот претседател или најстариот претставник на Училишниот одбор.

Училишниот одбор од редот на своите членови - претставници од родителите, односно старателите, избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број членови, по пат на тајно гласање.

Постапката за изборот на заменик претседател на училишниот одбор од редот на своите членови - претставници од родителите, односно старателите, се врши на ист начин како и изборот на претседател на Училишниот одбор.

**Член 6**

Мандатот на член на Училишен одбор може да престане и пред истекот на неговиот мандат во следните случаи:

- по негово барање;
- по сила на закон;
- со престанок на работниот однос на наставникот или стручниот соработник во училиштето;
- со престанок на статус на родител на ученик / родител член на Училишен одбор.
- со отповикување поради неоправдано, едно по друго, отсуство на три седници на Училишен одбор;

- е осуден на казна затвот подолго од шест месеци или е осуден за кривично дело кое го прави недостоен за вршење на воспитно-образовна дејност.

## III.Права и должности на членовите

**Член 7**

Членот на училишниот одбор е должен да присуствува на секоја седница, а за неговото отсуство должен е да го извести претседателот или заменикот претседател.

Членот има право да предложи одржување на седница и да предложи точка на дневен ред на седницата.

**Член 8**

Членот има право да бара од надлежните служби потребни објаснувања, информации и материјали во врска со работата на Училишниот одбор.

Службата, односно, работникот на раководно место должни се да одговорат на поставените прашања на истата седница, а ако тоа не е можно должни се да одговорат на првата наредна седница.

**Член 9**

Членот на училишниот одбор е должен активно да ја врши својата функција како и да се подготвува за секоја седница.

Должен е своите ставови, мислења и предлози јасно да ги изразува и покажува во доменот на одредената содржина за работа.

Членот е должен да гласа по наведените ставови, заклучоци и одлуки кои ќе ги носи Училишниот одбор.

**Член 10**

Членот на Училишниот одбор е должен да се придржува кон пропишаниот ред на седницата. За повреда на пропишаниот ред на седницата на членот можат да му се изречат мерки пропишани со овај Деловник.

## IV.Подготовка, свикување и работа на седниците на Училишниот одбор

**Член 11**

Училишниот одбор работи на седници.

Седницата на Одборот се свикува по потреба, но најмалку еднаш во месецот.

**Член 12**

Начинот на свикување на седниците е со огласување, односно, покана во која се наведува денот, терминот за започнување на седницата, местото на одржување на истата и предлог дневниот ред на седницата.

Времето од свикувањето до одржувањето на седницата не смее да е пократко од 3 (три) дена.

По исклучок претседателот може да свика седница и во пократок рок од 3 (три) дена, а дневниот ред за ваква седница да го предложи на самата седница.

**Член 13**

По правило на седницата присуствуваат односно имаат статус на поканети, без право на одлучување:

- директорт на училиштето;
- секретарот на училиштето;

а по потреба може да бидат поканети:

- работници од одредени служби во училиштето;
- претседатели на комисии;
- работници вработени во училиштето на кои им се разгледува барање, приговор, преставка и слично;
- синдикатот по повод поднесено барање или приговор на работникот, доколку работникот барал или се согласил да го застапува синикатот во остварувањето на неговото право.

**Член 14**

Седниците на Училишниот одбор ги свикува неговиот претседател и тоа:

- по своја иницијатива;
- по барање на директорот на училиштето;
- по барање на една третина од вкупниот број членови на Училишниот одбор;
- по барање на една третина од вкупниот број вработени во училиштето;
- по барање на Советот на родители во училиштето и
- по барање на ученичкиот парламент на училиштето.

Со седниците раководи претседателот на Одборот кој е одговорен за примена на овој деловник, а во негово отсуство со седницата раководи неговиот заменик.

**Член 15**

Предлог - дневниот ред на седницата го припрема претседателот на Одборот.

Во составувањето на предлог - дневниот ред и припремањето на потребните материјаи за работа на седниците на одборот на претседателот му помагаат:

- директорот на училиштето;
- соодветни стручни служби на училиштето;
- комисии кои ги формира Одборот;
- комиси кои ги формира директорот на училиштето.

**Член 16**

Училишниот одбор може да работи само ако се присутни повеќе од половина членови.

Ако нема доволен број членови за одржување на седницата, таа се одложува.

## V.Тек на седниците

**Член 17**

По констатирањето на мнозинството присутни членови, претседателот на Училишниот одбор ја отвора седницата и го чита дневниот ред, ги повикува членовите да се изјаснат за него или да дадат свои предлози за евентуални измени или дополнувања.

**Член 18**

Претседателот на одборот им дава збор на членовите за дискусија. Доколку оцени дека расправата по одредени точки ќе трае подолго време претседателот може да ја ограничи дискусијата и да не дозволи повторно учество во неа.

**Член 19**

По завршувањето на дискусијата по одредена точка од дневниот ред, претседателот изведува заклучок, став или ја соопштува одлуката која треба да се донесе, а потоа се врши гласање. Доколку согласно Деловникот се донесе заклучок, став или одлука, претседателот го чита и го прогласува за донесен. Донесените заклучоци, ставови или одлуки на Училишниот одбор се издвојуваат во посебен документ кој го потпишува претседателот на Училишниот одбор, а потоа се архивира и објавува.

**Член 20**

Од седницата на Училишниот одбор се води записник. Записникот го води секретарот на училиштето. Во записникот се запишува терминот на одржување на седницата, бројот на присутните, односно отсутните членови, дневниот ред, во кратки црти дискусиите, предлозите и нивните предлагачи, изгласаните/неизгласаните заклучоци, ставови и одлуки. Записникот се чита, корегира и усвојува на првата наредна седница на Училишниот одбор, а го потпишуваат претседателот и записничарот.

**Член 21**

Заклучоците, ставовите и одлуките на училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Училишниот одбор кои имаат право на одлучување.

**Член 22**

Гласањето, по правило е јавно, а ако Училишниот одбор одлучи може да гласа и тајно за одделни точки од дневниот ред. Тајно гласање за одредени прашања може да биде предвидено и во Статутот на училиштето. Процедурата за тајно гласање е пропишана со Статутот, а ако тоа не е регулирано со него, за тајното гласање се формира тричлена комисија. Гласовите од јавното или од тајното гласање се запишуваат во записникот.

## VI.Комисии на Одборот

Заради ефикасност во работата и изработката на нацрти на општите акти Одборот формира постојани и повремени комисии, а

истите ги определува претседателот на Одборот во договор со директорот.

Комисиите можат да бидат составени од 4 до 5 членови.

Членовите на комисиите се именуваат од редот на вработените во училиштето.

## VII.Ред на седницата

### Член 23

Редот на седницата го одржува претседателот на училишниот одбор. Доколку некој од членовите на училишниот одбор или друго лице ја попречува работата, претседателот е должен да го опомене. Ако и по опомената лицето продолжи со попречувањето на работата, претседателот треба да го замоли да ја напушти седницата. Доколку не се отстранат пречките за нормална работа, претседателот ја прекинува седницата во времетраење од 15 минути или ја презакажува седницата за друг термин.

### Член 24

Со одобрение на претседателот на училишниот одбор на седницата може да присуствуваат заинтересирани вработени во училиштето или други лица. Ако за истото не се согласат останатите членови на училишниот одбор, се пристапува кон гласање.

### Член 25

Ако по причините наведени во член 19 заради постапување на член на училишниот одбор два пати се прекине седницата или ако член на Училишниот одбор три пати неоправдано отсуствува од седница, претседателот на училишниот одбор е должен да покрене постапка за негово отповикување и избирање на нов член.

## VIII. Надлежност на Училишниот одбор

### Член 26

Училишниот одбор на основното училиште:

- донесува Статут на училиштето, измени и дополнувања на Статутот;
- предлага Годишна програма за работа на училиштето и Извештај за работа на основното училиште до Совет на Општината;
- донесува Развојна програма на училиштето;
- предлага Финансиски план до основачот;
- предлага Завршна сметка до основачот;
- објавува јавен оглас за избор на директор во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик;
- врши интервју со кандидатите за директор;

- доставува предлог на Градоначалникот на Општината за еден од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор;
- дава предлог до директорот за избор на наставниците и стручните соработници;
- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во основното училиште;
- одлучува по жалбите на учениците, родителите, односно старателите на учениците и
- врши и други работи утврдени со Статутот на основното училиште.

Училишниот одбор на основното училиште за поднесените жалби мора да одлучи во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

## IX.Известување за работата на училишниот одбор

**Член 27**

Одлуките донесени на училишниот одбор се истакнуваат на огласна табла, односно се доставуваат до работодавците кога тоа е потребно, како и до органите и телата на институциите.

**Член 28**

Училишниот одбор е должен да поднесува извештај за својата работа пред вработените во училиштето, парцијално за секоја година и целосен извештај за својот мандат пред конституирањето на новиот училишен одбор.

## X.Завршни одредби

**Член 29**

Прашањата кои на се опфатени со овај деловник се регулирани со други акти на училиштето и по потреба ќе се решаваат во согласнот со Законот за основно образование.

Измени и дополнувања на деловникот ќе се вршат по пат и начин како што е наведено.

Овај деловник стапува во сила со неговото усвојување од страна на Училишниот одбор и потпишување од претседателот на истиот.

**<u>02-95/3</u>**
**27.05.2021 г.**
**Мало Коњари**

**Претседател на Училишен одбор**
**на ООУ„Страшо Пинџур“**
**с. Мало Коњари - Прилеп**

______________________________

**/ Александар Божиноски /**